ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Василево, 2411 Василево
Тел. 034/354-444; Тел.факс. 034/353-007
**E-mail:** opstina_vasilevo@yahoo.co.uk
gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk
www.opstinavasilevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 10-588/2
27.04.20.23 год.
Василево

Врз основа на член 51 став 10 а во врска со член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14 и 44/2015) и член 28 од Статутот на општина Василево, Градоначалникот на општина Василево донесе:

# О Д Л У К А

## за организирање на јавна анкета и јавна презентација по Измена и дополнување на УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в. Гладно Поле, КО Градошорци, општина Василево

1. Се организира јавна анкета и јавна презентација по Измена и дополнување на УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в. Гладно Поле, КО Градошорци, општина Василево изработен од Агенција за планирање на просторот - Скопје, со технички број Е0217.

2. Јавната анкета ќе трае 5(пет) работни дена од денот на објавувањето на ова Одлука.
   Измена и дополнување на УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи на м.в. Гладно Поле, КО Градошорци, општина Василево, од точка 1 на оваа одлука ќе биде изложен во просториите на општинската зграда на општина Василево од 04.05.2023 до 10.05.2023 а јавната презентација, со стручно презентирање на истиот ќе се одржи на ден 08.05.2023 година со почеток во 11:30 часот во просториите на Општина Василево.

3. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок, определен во точка 2 на ова Одлука, ќе можат да достават забелешки и предлози по УПВНМ за изградба на стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производина м.в. Гладно Поле, КО Градошорци, Општина Василево до Општина Василево.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена на ВЕБ страната на Општина Василево, со соопштение во најмалку две јавни гласила како и во "Службен гласник на општина Василево".

**Општина Василево**
**Градоначалник**
**Славе Андонов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВАСИЛЕВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО